ХОТЕЛСКО УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" А.Д.
Бр. 02-1464/8
17.04.2024 год.
СКОПЈЕ

# „МАКЕДОНИЈАТУРИСТ“ АД СКОПЈЕ

Согласно член 487 и 490 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на „Македонијатурист” АД Скопје на ден 17.04.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**за исплата на дивиденда и утврдување дивиденден календар за 2023 година**

**Член 1**

Дивидендата за 2023 година во вкупен бруто износ од 81.404.400,00 денари, да се исплати од дел од распределената добивка на Друштвото за 2023 година во износ од 36.394.329,00 денари, а останатите 45.010.071,00 денар ќе се исплатат од нераспределените добивки на Друштвото и тоа: 16.019.885,00 денари од нераспределената добивка за 2018 година, 10.617.125,00 денари од нераспределената добивка за 2017 година и 18.373.061 денар дел од нераспределените добивки до 31.12.2008 година.

**Член 2**

Висината на дивидендата бруто по акција ќе изнесува 200,00 денари, односно нето по акција 180,00 денари.

**Член 3**

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 01.05.2024 година.

**Член 4**

Прв ден да тргување без право на дивиденда е 02.05.2024 година.

**член 5**

Дата на стекнување на право на дивиденда е 03.05.2024 година.

**Член 6**

Исплата на дивиденда ќе биде во законскиот рок.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

Претседавач на Собрание,

В.Бопески

СКОПЈЕ